ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален урбанистички план за Градска работна зона северно од патот Битола - Новаци, Блок 2 – Општина Битола**

Границата на Планскиот опфат на Предлог Планот се движи по: почетна точка на пресекот на осовини на улица „Прилепска,, и улица „Филип Втори Македонски,,, западна граница по осовина на улица „Прилепска,, до пресек со осовина на улица „Димитар Робев,, (стар назив за „Прилепска,,), северна граница по осовина на улица Димитар Робев,, (стар назив за улица Прилепска,,) до пресек со осовина на новопланирана улица „Прва,, - дел од Новачки пат според важечки ДУП, источна граница по осовина на новопланирана улица „Прва,, - дел од новачки пат според важечки ДУП до пресек со осовина на Новачки пат, јужна граница по осовина на Новачки пат до почетна точка.

Површината на планскиот опфат изнесува 4,83 ха.

**Јавната Презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска работна зона северно од патот Битола - Новаци, Блок 2 – Општина Битола, ќе се одржи на ден 21.10.2016 г. (петок) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61.**

**Предлог Планот**, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 21.10.2016 год. до 04.11.2016 год.

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на Планот масовно да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-1130
14.10.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk